## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

# УПАТСТВО ЗА ПРИЈАВУВАЊЕТО И РОКОТ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА СЕМЕНСКИ МАТЕРИЈАЛ, САДЕН МАТЕРИЈАЛ И МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ

### Член 1

Со ова упатство се пропишува пријавувањето и рокот за доставување на извештај на производството на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување.

### Член 2

Производителите на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, пријавувањето на производството го вршат со:

1. Пријава за производство на семенски материјал и саден материјал (од кртоли и луковици), кај поледелските, градинарските и хортикултурните растенија во која се внесува:

- горе на левата страна на пријавата е отпечатено Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал - Скопје;
- горе на десната страна името на производителот;
- во средината е отпечатено: Пријава за производство на семенски материјал, (од кртоли и луковици) кај поледелските, градинарските и украсните растенија во _______ година;
- под називот на пријавата во табела се запишуваат податоци за: редниот број, видот на растението, видот на семенскиот материјал, саден материјал и материјал за размножување, тип-сорта, категорија, површина во ха, предпосев, место-парцела, потекло на семенскиот материјал, садниот материјал и материјалот за размножување, уверение за стручен преглед, број и дата, декларација број и дата;
- доле на левата страна, дата и место: во средината место за печат и доле на десната страна стручно лице-потпис.

2. Пријава за производство на лозов саден материјал и материјал за размножување во која се внесува:

- горе на левата страна на пријавата е отпечатено Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал - Скопје;
- горе на десната страна името на производителот;
- во средината е отпечатено: Пријава за производство на лозов саден материјал и материјал за размножување во _____ година;
- под називот на пријавата во табелата се запишуваат податоци за: редниот број, видот на садниот материјал и материјалот за размножување, подлога, сорта, тип, селекција, количина

(број), место и парцела, потекло на садниот материјал и материјалот за размножување, уверение за оматиченост, уверение за стручен преглед, број и дата, декларација број и дата;
- под табелата се заокружува еден од наведените броеви:
1) неожилени резници;
2) ожилени резници;
3) окца-калем и
4) лозни калеми.
- доле на левата страна дата и место; во средината место за печат и доле на десната страна стручно лице-потпис.
3. Пријава за производство на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување од сто Петровски ТП. ул. Јабланица бр.
- горе на левата страна на пријавата е отпечатено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал - Скопје;
- горе на десната страна името на производителот;
- во средината е отпечатено: Пријава за производство на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување од овошни растенија во _____ година;
- под називот на пријавата во табелата се запишуваат податоците за редниот број, видот на семенскиот материјал, садниот материјал и материјалот за размножување;
- типот - сортата; подлога, количина (број), место и парцела, потекло на семенскиот материјал, садниот материјал и материјалот за размножување, уверение за оматиченост, уверение за стручен преглед, број и дата, декларација број и дата.

Под табелата се заокружуваат еден од наведените броеви:
1) калемени садници;
2) ожилени резници;
3) изданоци:
4) избојци;
5) семеници (орев);
6) розети од јагоди;
7) окулати;
8) семе:
9) калем гранки и
10) материјал добиен со микроразмножување.
- Доле на левата страна дата и место; во средината место за печат и доле на десната страна стручно лице-потпис.

**Член 3**

Пријавите од член 2 точка 1, 2 и 3 се дадени во образец 1, 2 и 3, кои се составен дел на ова упатство.

**Член 4**

Производителот доставува извештај за произведените количини на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување во рок од 30 дена од нивното прибирање.

**Член 5**

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-9390/1
23 ноември 2000 година
Скопје

Министер,
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

Образец бр.1

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
- Управа за семе и саден материјал-
Скопје

_______________________
(производител)

# ПРИЈАВА

**За производство на семенски материјал и саден материјал (од кртоли и луковици) кај полједелските, градинарските и украсните растенија во ________ год.**

| Реден број | Вид на растение | Вид на: семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување | Тип - Сорта | Категорија | Површина во ha | Предпосев | Место - парцела | Потекло на семенскиот материјал, садниот материјал и материјалот за размножување | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Уверение за стручен преглед, број и дата | Декларација, број и дата |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Дата_______________
Место _______________

м.п

Стручно лице
_______________

ДО
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
- Управа за семе и саден материјал
СКОПЈЕ

Образец бр 2

_______________
(производител)

# ПРИЈАВА

за производство на лозов саден материјал и материјал за размножување во _______ год.

| ред. број | Вид на саден материјал и материјал за размножување * | Подлога | Сорта, тип Селекција | Количина (број) | Место парцела | Потекло на садниот материјал и материјалот за размножување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Уверение за оматиченост | Уверен.за стручен преглед, број и дата | Декларација, број и дата |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

*1) неожилени резници 2) ожилени резници 3) окца-калем гранки 4) лозни калеми

Дата _______________
Место _______________

Стручно лице
_______________

М.П.

ДО
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
- Управа за семе и саден материјал
СКОПЈЕ

Образец бр. 3

_______________________
(производител)

# ПРИЈАВА

за производство на семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување
од овошни растенија во ______ год.

| ред. број | Вид на семенски матер. саден материјал и материјал за размножување * | Тип-сорта | Подлога | Количина (број) | Место парцела | Потекло на семенскиот материјал, садниот материјал и материјалот за размножување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Уверение за оматиченост | Увер.за стручен преглед, број и дата | Декларација број и дата |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

*1) калемени садници 2) ожилени резници 3) изданоци 4) избојци 5) семенци (орев)
6) розети од јагоди 7) окуланти 8) семе 9) калем гранки 10) материјал добиен со микроразмножување

Дата ____________________

Место ____________________

м.п.

Стручно лице

____________________